„Питу Гули"; Нашко Лози, Од „Писокот на крушевчани", 1903; Вешчиј Олег, „Македонски солзи"; Миле Јовичиќ, „На Македонија"; Монтагју Ломакс, „Македонија, 1903"; Џон Оксенхам, „Македонија"; Јарослав М. Петрбок, „Молба на Македонците": Наум К. Тахов, „Македонска солза. — Што ми е мило мамо и драго" и Антон Ашкерц, „Македонски востаник" и „На Македонската земја". Во сите овие тринаесет песни е опеана несносната положба на македонскиот народ под стегите на турскиот зулум во времето кога турската тиранија ги кршеше тенките ластари на веќе осознаеното македонско национално битие.

Во петтата глава „Хронологија" е даден осврт на хронологијата на настаните од 1903 до 1906 година, за секој месец и година поединечно, што овозможува да се проследат сите позначајни настани и збиднувања во посочениот период.

Во мошне обемната библиографија, во изворите се наведени необјавените архивски материјали од домашно и од странско потекло, објавените дипломатски документи и други изворни материјали, спомени, патописи, сведоштва на современици, печатот, библиографиите, а во литературата која е мошне обемна се наведени историите на Илинденското востание и на македонското национално ослободително движење, студии и прилози за особеностите на Илинденското востание, студии и прилози за дипломатските аспекти на Илинденското востание и за историјата на македонското прашање и студии и прилози за меѓународните аспекти на Илинденското востание.

Потоа доаѓаат коментарите, скратениците, индексот и илустрациите што ги има вкупно 76. Овде првпат се објавуваат и повеќе илустрации од домашно и од странско потекло, и тоа: извештаи, повици, насловни страници на весници и списанија, резолуции од митинзи, повици за митинзи, факсимили од песни посветени на Илинден во оригинал, борци од илинденската епопеја, а дадени се и фотоси од Прохор Пчински — Вториот Илинден, симболот на слободата, споменикот „Македониум" во Крушево и др.

Од материјалите со кои се служел авторот при изготвувањето на ова мошне репрезентативно издание, како и неговите лични поставки до кои дошол во своите долгогодишни истражувања во оваа област во земјата и во странство, критичкиот однос, како и апликацијата на новите факти, ни овозможуваат да заклучиме дека спомнатата студија на проф. д-р Христо Андонов-Полјански претставува оригинален научен труд кој претставува мошне значаен прилог за историографијата и за современата научна мисла во целина. Богатиот, сочен и содржаен стил во опишувањето на проблематиката за која станува збор, со оригиналните и самостојните заклучоци, афирмативно ја наметнуваат констатацијата дека пред нас се наоѓа еден мошне значаен труд кој ќе го сврти вниманието не само на научната јавност, туку и на поширок круг читатели.

Благој СТОИЧОВСКИ

УДК 327.32.009.5 (497.00: 497.07) (090) (049.3)

**Д-р Глигор Тодоровски: ПРИЛОЗИ ЗА СРПСКО-МАКЕДОНСКИТЕ ОДНОСИ ВО МИНАТОТО, Студентски збор, Скопје 1987, 582**

Пред нас е уште едно дело на Д-р Глигор Тодоровски кое ги третира српско-македонските односи во минатото. Во овој труд, како што вели авторот во предговорот, извршена е синтеза на „вкупно 27 прилози, од кои 14 се статии, 12 се документи, а еден прилог е библиографија" и кои порано биле објавувани во научни списанија.

Концепциската поделеност на делото започнува со статиите. Првата статија со која се среќаваме се однесува на историјата на школството во Дебарската и Реканската каза (9—30). Во неа авторот ги разгледува условите за учителствување и учење во овие две кази од учебната 1897/93 до крајот на учебната 1897/98 година. При тоа особено внимание обрнува на несогласувањата меѓу Егзархијата и Дебарската црковна општина по прашањето за поставување на учители по селата од овој крај. Потоа следува пописот на Македонците во Србија при крајот на XIX и почетокот на XX век (31—36), кој бил извршен по барање на Министерството за надворешни работи на Србија, а со цел да се врши пропаганда во Македонија преку македонските печалбари. Во статијата „За состојбата на ВМРО во поилинденскиот период“ (37—38) Тодоровски ги разгледува неколкуте важни прашања по кои дошло до расцеп во Организацијата. При следењето на големосрпската пропаганда и нејзината кредитна политика во Македонија по Илинденското востание (59—69) авторот констатира дека „причините што ја раководеле српската влада за економска пенетрација во Македонија имале, претежно, политички, отколку економски карактер“.

„Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“ (70—91) е насловот на следната статија во која е даден преглед на формирањето на четничката организација во Србија, како и нејзината соработка со воените органи во Србија и со турските органи на теренот на Македонија. За подготовките и одржувањето на Рилскиот конгрес на Внатрешната македонска револуционерна организација дознаваме од известувањата на Светислав Симиќ, српски дипломатски претставник во Софија, кој бил добро информиран за состојбите во организацијата (92—108). Потврда дека Младотурската револуција претставувала изненадување на српскиот дипломатски кор имаме во извештаите на српските конзули во Македонија за овој настан (109—142). Притоа тие се нашле пред дилема во „одбрана на српството“ и нивните „историски права“ во Македонија бидејќи младотурските лидери, во почетокот, енергично барале да се зазема јасен став кон Македонија. Во статијата „Состојбата на муслиманските иселеници (муаџири) во Македонија по Младотурската револуција“ (143—161) Тодоровски истакнува дека таа била незавидна, што, од своја страна, повлекувало создавање на посебни институции кои се занимавале со иселеничкото прашање на муаџирите. Комплетната политика на турските власти во однос на ова прашање претрпела неуспех. Економската пенетрација на големосрпската пропаганда во Македонија пред Балканските војни (162—177) е постојан предмет на интересирање на авторот. Овде тој заклучува дека странските пропаганди во своите почетни фази се одвиваат на културно-просветно поле за подоцна да се појават и на економски план. Во освртот врз состојбата во Вардарска Македонија по Балканските војни (1912—1915) читаме: „Со заграбувањето и поделувањето на етничката територија на македонскиот народ, раскинувањето на нејзините природни и етнографски граници, се влошија и усложнија можностите во натамошната борба на македонскиот народ за национална посебност“ (178—197). Проблемот околу селското стопанство во Вардарска Македонија по Балканските војни (1912—1915) за српските власти бил од посебна важност, за што говорат и многуте уредби со кои требало да се канализира стопанството. Притоа, за жал, новата власт во Вардарска Македонија не сметала за потребно да ги менува старите и примитивни средства како и начини на производство (198—225). Слична била ситуацијата и во овоштарството, сточарството, пчеларството и шумарството во Вардарска Македонија по Балканските војни (1912—1915). Крупното сточарство доживувало осипување, интересот за овоштарството

не бил голем, живинарството не можело да се смета како стопанска гранка итн. (226—240). Кралството Србија по Балканските војни покажувало посебен интерес за просветната политика во Македонија бидејќи таа требала да го доведе до неговите крајни цели-асимилација и денационализација на младите македонски поколенија (241—276). Последната статија која Глигор Тодоровски ја донесува во оваа книга се однесува на активноста на Душан Цекиќ и работничкото и социјалистичко движење во Македонија до крајот на Првата светска војна (277—299).

Вториот дел од книгата наречен „Документи“ започнува со еден документ од 1901 година за обидите на Борис Сарафов за воспоставување врски со официјална Србија (303—312), кој е проследен со коментар на авторот. Врз истиот принцип е преден и следниот документ, а кој се однесува на состојбата на Македонците-печалбари и бегалци пред и по Илинденското востание (313—330), во чиј контекст се приложени и пет факсимили од оригинали на документот. Следуваат документи за активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание (331—351), а натаму е интерпретирано навлегувањето на големосрпската пропаганда во стопанството на Македонија по Илинденското востание (352—366). Податоците за Крсте Петков Мисирков (367—377) се збогатени со три факсимила на оригинални документи, а факсимили среќаваме и во документите за состојбата на Муаџирите во Македонија (1906—1911) каде што се застапени повеќе писма од српски конзули и пратеници во Македонија до Министерството за надворешни работи на Кралството Србија (378—399). Низ документите од српските извори во периодот 1908—1910 година проследен е животот и активноста на Јане Сандански (400—430). Младотурската акција за разоружување во Македонија низ документи од српски извори (1909—1910) авторот ја пропратува со поширок коментар (431—452). Тодоровски во ова дело ги објавува и новите документи за активноста на Душан Цекиќ (453—473), како и извештаите за Тетовскиот округ од 1913 година (474—498) и за Битолскиот округ од истата година (499—516). Последниот прилог во овој дел се однесува на просветната политика на српското Кралство во Македонија (1912—1915), со што се заокружува и оваа целина (517—554).

Натаму Глигор Тодоровски презентира прилог кон библиографијата за големосрпската пропаганда во Македонија до Балканските војни (555—564), за да заврши со регистри на лични имиња (565—572) и на географски поими (573—580).

Имајќи предвид дека сите овие прилози, како што спомнавме, досега се објавени поединечно, авторот на крајот од секој од нив ги дава основните податоци за првичното објавување.

Завршувајќи би рекле дека и ова дело на Глигор Тодоровски ја покажува ширината на српско-македонските односи во минатото, како и нивната актуелност денес.

Катерина ТОДОРОСКА

УДК 929: 949.717.06 (049.3)

**Христо Андонов — Полјански, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, Истарска наклада, Пула 1985, 239**

По повод осумдесетгодишнината од загинувањето на Гоце Делчев (1903—1983), книгоиздателството „Истарска наклада“ од Пула издаде јубилејно издание посветено на апостолот и идеологот на македонското револуционерно движење Гоце Делчев од д-р Христо Андонов — Полјански, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.